# Без вера во Отецот, Синот и Светиот дух нема христијанство

Горан Величковски

**Дали тајната на Света Троица доаѓа со Новиот завет или ја има и во Стариот завет?**

Света Троица може да ја препознаеме уште на првата страница во првата глава на Библијата кога се зборува за создавањето на светот. Сѐ друго е создадено во стилот - и рече Бог, и би, заповеда и се создаде. Кога дојде на ред човекот, кој е круна на целото создание, се менува текот на расказот. Овој стих (26) вели: “Потоа рече Бог: Да создадеме човек според нашиот образ и подобие...”. Употребата на множина (да создадеме) укажува на советување меѓу повеќе лица, а светите отци на Црквата тоа го именуваат: Совет на Света Троица. Овде употребената множина не е од куртоазија, туку укажува на постоење на повеќе лица, при што не е определен бројот, но се зборува во множина (НАШ - НИЕ). Оние што не веруваат во Света Троица ова место го толкуваат во смисла дека Бог се советувал со ангелите, што е бесмислица, бидејќи Бог нема потреба да бара совет од свои созданија.

Изразувањето на Бога во множина го среќаваме и при описот на Вавилонската кула (11 глава, стих 7), каде што се вели: “Ајде да слеземе и да им го збркаме јазикот нивни за да не се разбираат еден со друг...”.

**Дали има и други примери, или овие се единствени?**

Да, има уште неколку делови од Стариот завет кои укажуваат на тоа дека Троица беше во најава. При една средба на Авраам со тројца патници, тој ги пречекува и ги угостува тројцата, но се поклонува како на еден. Авраам вели: “Господи, ако сум нашол милост пред тебе, немој да го одминеш својот слуга” (18,3), а по заминувањето на тројцата патници, рекол: “Господ си замина” (стих 33). Значи, тој виде тројца патници, но се поклони на еден. Ова е првото место во Стариот завет каде што се определува бројот три. Средбата на Авраам е мотив за иконата насликана од Рубљов, каде што се претставени тројцата патници, односно Света Троица.

Во Стариот завет има и други места каде што се спомнува бројот три. На пример, пророкот Исаија видел во визија како серафимите летаат околу престолот Божји и ја пеат песната: “Свет, свет, свет е Господ Саваот” (6,3)! Секое свет се однесува на едно од лицата на Света Троица. Има места во Стариот завет кои поблиску ги определуваат лицата на Света Троица, како на пример она од вториот псалм, стих 7, во кое Отецот (Господ) Му се обраќа на Синот, велејќи: “Ти си мој Син, јас денес те родив”. Или во псалм 109 стих 1: “Му рече Господ на мојот Господ (Отецот му вели на Синот): Седи од мојата десна страна додека ги ставам непријателите Твои во подножјето на нозете Твои”. Најјасното, пак, место во Стариот завет во кое се спомнуваат дури и трите лица на Света Троица се наоѓа во Книгата Мудрост Соломонова (9,17), каде што се вели: “Волјата твоја Боже (Оче) кој би

**Разговор со отец Јован Таковски, декан на Богословскиот факултет „Св. Климент Охридски„–Скопје**

Основната Богооткриена вистина на христијанската вера, по која христијанството суштински се разликува од сите други религии, е Света Троица. Бог е еден по природа или по суштина, а троичен по лица или ипостаси. Отецот, и Синот, и Светиот Дух се во сè исто - имаат еднаква власт, сила, слава, чест и достоинство: и Отецот е Бог, и Синот е Бог, и Светиот дух е Бог, па сепак тие не се три одвоени Бога, туку еден единствен Бог, бидејќи им е заедничка суштината. Тоа што ги прави да се разликуваат меѓу себе се нивните лични својства - за Отецот е нероденоста, за Синот е неговото вечно раѓање од Отецот или синовството, а за Светиот дух - излегувањето или происходењето кое, исто така, е вечно и само од Отецот

ја познал да не си ни ја дал Премудроста и да не си ни Го испратил твојот Свет дух одозгора". Премудроста овде е синоним на Синот.

Во Стариот завет Бог намерно не се открива целосно како Троица, бидејќи во тоа време луѓето тешко можеле да ја задржат верата во еден Бог, а камоли во Троица. Во тој период тоа ќе беше повод за паѓање во кривобоштво или многубоштво. Само да се потсетиме дека додека Мојсеј беше на Синај за да ги прими Десетте Божји заповеди, народот кој стоеше во подножјето на планината изгради кип (идол - златно теле) и му се поклонуваше. Целосното откривање или објавување на Света Троица стана можно дури по воплотувањето на Синот Божји.

**Што е Отецот?**

Отецот е првото лице на Света Троица. Но, не е прво затоа што е поголемо или постаро од другите две лица - Синот и Светиот дух - туку затоа што Отецот е начелото или изворот од кој вечно се раѓа Синот и вечно исходи Светиот дух. Отецот не може да се замисли без Синот и без Светиот дух.

**Синот Божји или Синот човечки...**

Синот Божји е второто лице на Света Троица, кој вечно се раѓа од Отецот. Истиот тој Син, или Логос, или Слово, од љубов кон нас луѓето и заради нашето спасение, се воплоти од Светиот дух и од Пречистата девојка Марија (Марија Дева) и стана човек пред 2.000 години. Тоа е историскиот Господ Исус Христос, кој е истовремено и вистинскиот Бог и вистински човек, односно Богочовек, сличен нам во сè, освен во гревот. Синот Божји и по овоплотувањеo остана второто лице на Света Троица и, како вистински Бог, не претрпе никаква промена. Терминот воплотување доаѓа од зборот плот - што значи тело, значи вотеловување или вочовечување. Значи, Христос се воплоти од Светиот дух и од Марија Дева и се вочовечи, односно стана човек. Раѓајќи се од девојка, Синот не го наруши редот







во Света Троица, ниту, пак, го нарушува своето лично својство на раѓање, туку раѓајќи се како Човек ни ја открива тајната на Света Троица. Синот дојде да го открие вистинското име на Бога, а тоа е името Отец. Во таканаречената Молитва Господова, Господ Исус Му се обраќа на Отецот: “Оче, да се свети името Твое...”.

Прва јавна манифестација на Света Троица имаме во чинот на крштанието на Господ Исус Христос, што го славиме на празникот Богојавление. Христос, второто лице, овоплотениот Син Божји, стана Човек и, иако немаше потреба да се крштава, тој го стори тоа за да ни даде пример и нам. Во тој миг се слушна глас од Небото - “Ова е мојот возљубен Син кој е по мојата волја, него послушајте го” (Матеј 3,17 ). Тоа беше гласот на Отецот. Светиот ух, во вид на гулаб, ги потврди зборовите на Отецот. Истите зборови се слушнаа и при Преобразувањето на Христа на планината Тавор, настан што нашата Црква го слави на празникот Преображение Господово. Христос на Тавор, пред тројцата ученици, Јаков, Петар и Јован, се преобрази и ја покажа славата на своето Божество. Во тој миг се слушнаа зборовите на Отецот - “Ова е мојот возљубен Син кој е по моја волја, него послушајте го” (Марко 9,7), а Светиот дух овој пат се покажа во светлината.

**Каде Новиот завет ја претставува Света Троица?**

Целиот Нов завет, всушност, е во знакот на Света Троица, завет или сојуз со Бога, кој е склучен со Бога преку пролевањето на скапоцената крв на Богочовекот Христос, кој е еден од Троица - второто лице на Света Троица. Во Новиот завет Господ Исус Христос спасението го става во зависност од Света Троица. По Воскресението, Господ Исус ги испраќа своите ученици - апостолите во светот со заповед: “Одете и научете ги сите народи, крштавајќи ги во името на Отецот, и Синот, и Светиот Дух, и учејќи ги да пазат сè што сум ви заповедал” (Матеј 28, 19-20). На друго место вели: “Кој верува и се крсти (во името на Отецот, и Синот, и Светиот дух), ќе биде спасен”. Значи, пораката е јасна - член на Црквата се станува со вера и со крштание во името на Света Троица. Едно од клучните места во Новиот завет и извор за нашето знаење за Света Троица е почетокот на Евангелието според Јован, како и неговото Прво послание: Евангелието започнува: “Во почетокот беше Словото, и Словото беше во Бога и Бог беше словото”. Овде Отцот е наречен Бог, а и Словото (Синот) е наречен Бог, кој е различен од Отецот. Овде зборот “почеток” нема временски, ами онтолошки карактер. Создавањето на светот станало преку Словото, Зборот, или Логосот. Логос значи збор, но значи и смисла. Тоа значи дека сè што е создадено носи печат на логосност, на осмисленост, односно сè има своја смисла. Ништо не е случајно.

Свети Јован Богослов, најмладиот Исусов ученик, во своето Прво соборно послание го дообјаснува она што го рече во почетокот од Евангелието, кога вели: “Троица се кои сведочат на Небото - Отецот, Синот и Светиот Дух, и Троица се едно” (5,7).





**Доаѓаме до Светиот дух. Каде е неговото место?**

Светиот дух е третото лице на Света Троица, кој исто така е присутен отсекогаш, односно од самиот почеток на создавањето на светот. Во Библијата тоа е илустрирано вака: "Во почетокот Бог ги создаде Небото и Земјата, а Земјата беше безоблична и празна и Духот Божји лебдеше над водата". Светиот дух бил тој фактор кој ја загревал атмосферата, кој создавал услови за да се појави животот на Земјата. Светиот дух го споредуваат со птица која лежи над своите јајца за да ги изведе своите младенчиња. За Светиот дух се зборува и на други места во Стариот завет, особено кај пророците, кои говореле под вдахновение на Духот Божји или Господов. Да приведеме само еден пример од пророк Исаија (61,1): "Духот Господов е на мене, кој ме помаза да им благовестам на бедните...".

Новиот завет започнува со благовеста на архангел Гаврил дека Марија ќе роди Син Исус, а кога таа го праша како ќе биде тоа кога таа не знае за маж, тогаш Гаврил ѝ одговорил: "Силата на Светиот дух ќе слегне на Тебе и силата на Севишниот ќе те осени, па затоа и роденото од тебе ќе се нарече Син Божји" (Лука 1,35). По крштанието на Исус, Светиот дух го изведе во пустината да биде искушан.

Како што гледате, има едно постојано претходење и последување - Светиот дух му претходи на Христа, а непосредно пред вознесувањето, Христос на апостолите им рече: "Јас ќе го помолам Отецот, и он ќе ви даде друг Утешител..., а Утешителот, пак, Духот Свети, кого Отецот ќе го испрати во мое име, он ќе ве научи на сè и ќе ви напомни за сè што сум ви зборувал" (Јован 14, 16. 26). Во наредната глава (15,26) евангелистот Јован го посочува личното својство на Светиот дух - излегувањето од Отецот, па вели: "А кога ќе дојде Утешителот, кого ќе ви го испратам јас од Отецот, Духот на вистината, кој излегува од Отецот, он ќе сведочи за мене". Светиот Дух, по слегувањето врз апостолите во денот на Педесетницата - кај нас тој настан го славиме на празникот Духовден - го продолжува делото што Исус го изврши, иако Исус е постојано присутен во светот и по своето воскресение и вознесение. Христос е постојано присутен во својата Црква, особено преку Светата причест, која е негово тело и крв. Но, мора да се напомене и тоа дека во Црквата ништо не се случува без Светиот дух, бидејќи претворањето на лебот и виното во тело и крв на Христа се извршува преку призивот на Светиот дух. Поинаку речено, Синот и Светиот дух се секогаш заедно, но во делото на Спасението на човекот и на светот некогаш претходи Синот, а некогаш Светиот дух. Така, на пример, Светиот дух го подготвува воплотувањето на Синот, а Синот - испраќањето на Светиот дух во светот во функција на Црквата.

**Што значи происходење?**

Тоа е излегување како од извор, тоа е еден чин што не завршува. Постои разлика меѓу раѓањето на Синот од Отецот и исходењето на Светиот дух од Отецот, но во природата на таа разлика човекот не може да проникне. Огревовениот ум човеков, кој резонира во границите на материјалистичките категории, ќе се сопне веднаш на Света Троица. Нашата логика вели дека еден не може да биде рамен на три, ниту, пак, три да бидат едно. А, сепак, Божјото откровение учи дека Бог е единица во Троица и Троица во единица.

За да си ја доближиме малку тајната на Света







Троица, добро е да се потсетиме дека Откровението Божјо - Библијата нè учи дека Бог е љубов, а љубовта е релациска: тоа значи дека за да може љубовта да се манифестира, потребни се најмалку две личности. Личноста не може да се препознае ако нема друга личност, што значи дека Бог е љубов од вечност. Отецот од вечност го љуби Синот и Светиот дух, Синот го љуби Отецот и Светиот дух, а Светиот дух го љуби Отецот и Синот и, ако не е таа вечна, совршена љубов Божја, ние во овој свет не би ни знаеле што е тоа љубов.

Треба да знаеме уште една работа - вечното постоење на Бог - Троица е независно од постоењето на светот. Светот можел и да не постане, а Бог, сепак, би бил отсекогаш Отец, Син, и Свети Дух - Троица едносушна и неразделна. Бог го создал светот и нас луѓето од љубов и затоа што е добар, за да има и други учесници во Неговото блаженство и добрина.

**Се поставува прашањето ако е Синот слика на Отецот, а Светиот дух е слика на Синот, тогаш која е сликата на Светиот дух?**

Икона или слика на Светиот дух ќе бидат множеството обожени личности преку Духот Свети, зашто крајната цел на секој човек е да го запознае Бога. Но, не само да го запознае Бога, туку и да биде во заедница, единство со Него, односно да биде обожен, отроичен. На прво место се светителите и сите оние кои се на патот на тоа обожување. Човекот е создаден заради таа заедница со Бога, но таа беше прекината со прворođениот грев, при што се постави една преграда меѓу Бога и луѓето. Во желбата да се урне преградата, Бог го испрати својот Син, кој се роди и пострада од љубов кон нас луѓето, за на крстот да го победи гревот и, преку Своето воскресение, да го победи најголемиот непријател на човекот - смртта. Затоа Христос рече: "Јас сум Воскресение и живот, кој верува во мене и ако умре, ќе живее".



**Во православните храмови гулабот е сместен над олтарните икони. Дали тој претставува симбол на Светиот дух?**

Да. Гулабот го симболизира Светиот дух, кој слегува и останува врз Христа - Месијата или Помазаникот, а помазанието е Светиот дух. Веќе спомнавме дека светите отци Светиот дух го споредуват со птица. На педесеттиот ден по Христовото воскресение, Светиот дух им се јави на апостолите во вид на огнени јазици. Симболиката е во тоа што апостолите со примањето на Светиот дух ја добија Божјата сила и дарот на јазици за да можат да ја пренесат радосната вест за Христовото воскресение на сите народи.



**Околу иконите и претставувањето на Света Троица. На некои икони може да се види возрасен лик со бела брада, до него млад**



СИМВОЛ НА ВЕРАТА

Верувам во Едниот БОГ ОТЕЦ, Седржител,
ТВОРЕЦ на небото и на земјата,
на сѐ видливо и невидливо.

И во Едниот ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС,
СИНОТ Божји Единороден,
Кој е роден од ОТЕЦОТ пред сите векови;
Светлина од Светлината,
вистински Бог од вистинскиот Бог,
роден, несоздаден, ЕДИНОСУШТЕН НА ОТЕЦОТ,
преку Кого сѐ станало.

Кој заради нас луѓето
и заради нашето спасение слезе од небесата,
и се ВОПЛОТИ ОД СВЕТИОТ ДУХ И ДЕВА МАРИЈА
и стана ЧОВЕК.

И Кој беше распнат заради нас во времето
на Понтиј Пилат, и страдаше и беше погребен.

И Кој ВОСКРЕСНА во третиот ден, според Писмото.

И Кој се ВОЗНЕСЕ на небесата,
и Кој СЕДНА ОДДЕСНО НА ОТЕЦОТ.

И Кој пак ќе дојде со слава
да им суди на живите и на мртвите,
и Неговото Царство не ќе има крај.

И во СВЕТИОТ ДУХ ГОСПОД, Кој дава живот,
Кој исходи од ОТЕЦОТ,
Кому заедно со ОТЕЦОТ и СИНОТ
Му се поклонуваме и Го славиме,
и Кој говорел преку ПРОРОЦИТЕ.

Во една, Света, Соборна и Апостолска Црква.

Исповедам едно крштение
за простување на гревовите.

Го чекам воскресението на мртвите.

И животот на идниот век. Амин!

**маж со црна брада и гулаб. Тоа ли е канонскиот пристап кон Света Троица?**

Синот можеме да го претставиме, бидејќи тој беше историска личност. Бог стана тело, човек, па затоа ние имаме право да го претставуваме Богочовекот Христос. Тоа е догматската основа на иконата, која не е идол, ами документ кој постојано нѐ потсетува на фактот на Богооплотувањето. Светиот дух го претставуваме онака како што за првпат се појавил - во вид на гулаб, а на Педесетица во вид на огнени јазици. Но, Отецот никогаш не се појавил, никогаш не се манифестирал во видлива форма и затоа Црквата забранува какво било претставување на Отецот. Иконите на кои Отецот е претставен како старец со бела брада - не се канонски икони. Единствената правилна икона на Света Троица е претставувањето на средбата на Авраам со трите патници, кога Авраам кај дабот мавриски ја угости Света Троица во ликот на тие патници. Иконата е насликана од Рубљов.

**Колку се упатени православните верници по прашањето на Света Троица, односно дали догмата им е блиска или далечна?**

Денешните "православни верници", за жал, не се доволно упатени во учењето на првославната вера, а уште помалку - за Света Троица. Порано, не била извршувана светата тајна Крштение, ако кандидатот не ја исповедал правилно верата во Света Троица. Кандидатите за крштавање, наречени катихумени или огласени, за крштавање се подготвувале и по три години. Пред самиот чин на крштавање, кандидатот задолжително го изговарал напамет Сиволот на верата во кој во куси црти е изложена верата во Света Троица. Без правилно исповедање и вера во Отецот, Синот и Светиот Дух нема христијанство, особено не прволславно. Крајно време е повторно да ги откриеме овие вредности и критериуми, зашто вака, како што е денес, работите не одат на добро. Поради тоа има толку многу суеверие, празноверие и кривоверие...

**Во текот на овој разговор Вие постојано го употребувате терминот Света Троица. Други го користат терминот Свето Тројство. Што е правилно?**

Православниот христијанин никогаш нема да го употреби терминот Свето Тројство. Терминот Тројство е повеќе филозофски термин и обично е застапен во западната сфера, како филозофска, така и религиозна. Православниот христијанин секогаш треба да го употребува терминот Света Троица.